# ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА СО МЛАДИ ВО УСЛОВИ НА КРИЗИ

**„Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво"**



ПОВРЗАНИ ВО КРИЗА

Youth can

SUPPORT KOCANI

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# За проектот

**„Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“** е проект кој има за цел да придонесе кон создавање поотпорни, посолидарни и подобро поврзани заедници преку зајакнување на улогата на младите, младинските центри и граѓанските организации во услови на кризи. Проектот се заснова на потребата за поорганизиран и системски пристап кон превенција, реакција и опоравување од кризни ситуации, особено во делот на поддршка на младите, нивно навремено информирање, психосоцијална помош, безбедно вклучување и координирана соработка со институциите.

**Во изминатите години**, Северна Македонија се соочи со различни кризни ситуации, здравствени, природни, социјални и безбедносни, кои покажаа дека младите често се меѓу најпогодените групи, но истовремено и дека имаат значителен потенцијал да придонесат кон поддршка, солидарност и мобилизација во своите заедници. Пандемијата со КОВИД-19, природните непогоди, пожарите, како и трагичните настани што ја потресоа јавноста, ја истакнаа потребата од појасни механизми за заштита, информирање и поддршка на младите во кризни контексти. Дополнително, овие искуства ја покажаа важноста од доверба меѓу граѓаните, институциите и граѓанскиот сектор, како и потребата од структури што можат брзо, одговорно и координирано да одговорат на потребите на заедницата.

> Проектот произлегува од согледувањето дека младинските центри и младинските организации имаат важна, но сè уште недоволно препознаена улога во системот за управување со кризи. Тие се блиску до младите, имаат искуство во работа со заедници, создаваат безбедни простори за разговор и поддршка, и можат да бидат значаен мост помеѓу младите, локалните институции и поширокиот систем. Сепак, за нивната улога да биде ефективна, потребни се јасни насоки, зајакнати капацитети, воспоставени стандарди и подобра институционална координација.

Затоа, **проектот е насочен кон** развој на национален модел за младинско делување во услови на кризи, кој ќе се темели на истражување, консултации, анализа на добри практики и активно учество на релевантните засегнати страни. Во рамки на проектот се анализираат потребите, перцепциите и искуствата на младите, родителите/старателите, институциите, стручната јавност и граѓанските организации, со цел да се добие јасна слика за постојните празнини, предизвици и можности за подобрување на системот на поддршка.

ПОВРЗАНИ
ВО КРИЗА

**Посебен фокус** во проектот се става на психосоцијалната поддршка на младите во услови на кризи, навременото и точно информирање, безбедното волонтерско вклучување, улогата на младинските центри како простори за поддршка и мобилизација, како и потребата од воспоставување јасни протоколи за координација меѓу граѓанскиот сектор и институциите. Проектот настојува да даде практични и применливи препораки што ќе можат да послужат како основа за подобрување на политиките и практиките поврзани со младинската работа, кризното управување и социјалната кохезија.

**Преку проектните активности**, младите не се третираат само како ранлива група која има потреба од заштита, туку и како активни чинители кои можат да придонесат кон решенија. Проектот ја промовира идејата дека младите, доколку се соодветно информирани, обучени и поддржани, можат да бидат важен ресурс во градењето отпорни заедници. Нивното учество во кризни ситуации треба да биде безбедно, доброволно, добро координирано и засновано на јасни правила, со почитување на нивните права, потреби и капацитети.

**Со спроведувањето** на проектот се очекува да се придонесе кон подобро препознавање на младинскиот сектор во системот за справување со кризи, зајакнување на соработката меѓу граѓанските организации, младинските центри, локалните самоуправи и релевантните институции, како и поттикнување култура на солидарност, превенција и меѓусебна поддршка. На долг рок, проектот има за цел да придонесе кон создавање поинклузивен, поодговорен и поотпорен систем во кој младите имаат активно место во процесите на превенција, реакција и опоравување од кризни ситуации.
Проектот „Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“ го спроведува Здружението на граѓани Младите можат, во партнерство со Супорт Кочани.
Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас.

# За партнерите

## Здружение на граѓани Младите можат

**Младите можат** е здружение на граѓани формирано од млади за млади на 28 мај 2009 година. Во текот на изминатите 17 години постоење, имаме повеќе од 10 000 млади вклучени директно во проекти, програми, настани и активности и над 100 активни членови кои секојдневно придонесуваат во растењето и успехот на организацијата а со тоа и во правење на позитивни промени за нашата младина и нашата заедница.

**Области во кои работиме**

• Ментално здравје
• Кариерно советување
• Младинско учество и младински активизам

**Зошто постоиме?**

Постоиме за да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека МОЖАТ самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

**Во што веруваме?**

Веруваме дека младите луѓе можат да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам како моќни алатки за општествена промена можат да одговорат на своите потреби во заедницата.

## Супорт Кочани

**Супорт Кочани** е граѓанска иницијатива формирана како директен одговор на заедницата по трагичниот пожар во Кочани. Настаната во услови на вонредна состојба, организацијата се позиционираше како клучна алка во обезбедувањето итна финансиска, материјална и психосоцијална поддршка за погодените поединци и семејства.

Работата на иницијативата е насочена кон решавање на конкретни потреби преку прецизна логистика на терен. Уште во почетната фаза, преку сопствена дигитална платформа, беше овозможено прибирање финансиски донации од целиот свет, што овозможи брза и транспарентна дистрибуција на помошта. Паралелно со финансиската поддршка, организацијата обезбедува неопходни медицински помагала и го олеснува пристапот до здравствена и социјална заштита за најпогодените категории граѓани.

Како одговор на долгорочните потреби за заедницата, организацијата го основаше „Гнездо" – Центар за психосоцијална поддршка и социјално дружење. Овој центар функционира како безбедна точка за поврзување на децата, младите и возрасните, каде преку насочени активности и работилници се поттикнува личниот развој и се гради колективната отпорност. Денес, преку мобилизација на волонтери и стручни ресурси, Супорт Кочани претставува активен систем на солидарност кој работи на системско управување со последиците од кризни ситуации.

Издавач:
Здружение на граѓани Младите можат

За издавачот:
*Камелија Јаневска*
Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

Дијана Мицевска
*Проектен Менаџер*
„Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“

2026

# Содржина

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружение на граѓани Младите можат и Супорт Кочани и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.

1. Вовед и опфат на протоколот
2. Основни принципи
3. Типологија на кризни ситуации и нивоа на интервенција
4. Институционална и локална координациска рамка
5. ФАЗА I
Подготвеност (пред криза) за работа со млади во кризи
5.1 Пристап: Млади како корисници на поддршка и услуги
5.2 Пристап: Млади како волонтери и активни учесници
6. ФАЗА II
Работа со млади во услови на криза
6.1 Пристап: Млади како корисници на поддршка и услуги
6.2 Пристап: Млади како волонтери и активни учесници
7. ФАЗА III
Работа со млади по завршување на криза
7.1 Пристап: Млади како корисници на поддршка и услуги
7.2 Пристап: Млади како волонтери и активни учесници

# Вовед и опфат на протоколот

**Овој протокол** претставува рамка за организирано, безбедно и координирано работење со млади во услови на кризи, со цел обезбедување навремена поддршка, заштита, информирање и активно вклучување на младите во заедницата. Протоколот е наменет првенствено за младински центри, младински и други организации кои работат со млади, но истовремено претставува алатка која може да се користи и во соработка со институции, локални самоуправи, образовни установи, служби за заштита и спасување, здравствени институции и граѓански организации.

**Протоколот** се однесува на млади лица на возраст од 15 до 29 години, согласно националната дефиниција за млади. Во неговиот фокус се младите како посебна општествена група која во услови на кризи често се соочува со зголемени ризици, ограничен пристап до информации, прекин на образовни и социјални процеси, нарушување на менталното здравје и намалени можности за активно учество во заедницата. Истовремено, протоколот ја препознава и значајната улога на младите како активни чинители, волонтери и поддржувачи во кризни ситуации, особено во делот на врсничка поддршка, информирање, солидарност, носење одлуки и мобилизација на заедницата.



**Под поимот кризи, во рамките на овој протокол, се подразбираат природни непогоди, здравствени, хуманитарни, безбедносни, социјални и други вонредни состојби кои значително влијаат врз секојдневниот живот, безбедноста и благосостојбата на младите.**

**Протоколот е структуриран низ три меѓусебно поврзани етапи на делување:**

I **Активности пред криза**
Подготвеност, превенција и јакнење на отпорноста на младите и организациите преку едукација, развој на капацитети, воспоставување механизми за координација и подготовка на процедури за делување.

II **Активности за време на криза**
Обезбедување непосредна поддршка и сервиси за младите во текот на кризата, вклучително и информирање, психосоцијална поддршка, организација на безбедни простори и координација на волонтерски активности.

III **Активности по завршување на кризата**
Закрепнување, реинтеграција, долгорочна психосоцијална поддршка, евалуација на интервенциите и јакнење на отпорноста за идни кризни ситуации.

Притоа, протоколот воспоставува два комплементарни пристапи во работењето со младите.

I Првиот пристап ги третира младите како **корисници** на услуги, активности и поддршка во услови на кризи, при што фокусот е ставен на нивната заштита, благосостојба, информираност и пристап до сервиси.

II Вториот пристап ги препознава младите како **активни учесници и волонтери** во кризни ситуации, при што се утврдуваат принципи и минимални стандарди за нивно безбедно, етичко и структурирано вклучување. Овој пристап се темели на принципите на младинско учество, солидарност, безбедност, ненасилство, недискриминација и почитување на човековите права.

**Во рамки на овој протокол,** активностите и мерките се структурирани преку два нивоа на стандарди: минимален стандард и развоен стандард. Минималниот стандард ги претставува основните услови, механизми и активности кои треба да бидат воспоставени за да се осигура безбедна, етичка и функционална работа со млади во услови на криза. Тој претставува минимално ниво на подготвеност и одговор кое секој младински центар, простор или организација треба да настојува да го обезбеди согласно своите капацитети и контекстот на кризата.

**Развојниот стандард**, од друга страна, претставува повисоко и подолгорочно ниво на организациски развој, координација и одржливост. Овие стандарди се насочени кон воспоставување системски и континуирани механизми за поддршка, учество и заштита на младите, како и кон зајакнување на капацитетите на организациите и заедниците за долгорочна отпорност и подготвеност за идни кризни ситуации.

> ***Ваквиот пристап овозможува протоколот да биде применлив и во различни локални контексти и нивоа на капацитет, при што организациите можат постепено да ги развиваат своите практики и механизми во насока на поодржлив и сеопфатен систем за работа со млади во услови на кризи.***
>
> ***Во својата основа, протоколот има за цел да придонесе кон создавање на поотпорни локални заедници и посилен систем за поддршка на младите во кризни ситуации, преку јасно дефинирани улоги, механизми за координација и стандарди за квалитетно работење со млади.***

# Основни принципи

Протоколот за работа со млади во кризни ситуации се темели на сет на основни вредносни и оперативни принципи кои ја дефинираат неговата примена во пракса и ја гарантираат неговата усогласеност со стандардите за човекови права, младинско учество и националната рамка за делување во кризи и вонредни состојби. Овие принципи претставуваат заедничка рамка за сите засегнати чинители – младински центри, организации, институции и партнери – и се применливи во сите фази на кризните интервенции.



Во центарот на протоколот се наоѓа **принципот на безбедност**, кој подразбира дека сите активности со млади мора да бидат планирани и спроведени на начин што ја минимизира изложеноста на ризици, било физички или психосоцијални. Овој принцип е директно поврзан со пристапот „do no harm", кој бара секоја интервенција да избегнува создавање или зголемување на штета за младите или за заедницата. Младите не треба да бидат изложени на задачи кои надминуваат нивна подготвеност или претставуваат несоодветен ризик, а организациите и институциите имаат обврска да обезбедат соодветна обука, супервизија, заштита и психосоцијална поддршка. Воедно задолжително се внимава на доверливост и заштита на личните податоци што подразбира дека сите информации добиени во текот на работата со млади се третираат со соодветна грижа, во согласност со законските прописи и етичките стандарди.



Од суштинско значење за справувањето со акутните фази на кризата е **принципот на оперативна хиерархија, итност и субординација (командување)** усогласен со предвидената законска рамка за постапување во вонредна и кризна состојба. Бидејќи вонредните состојби бараат брзо донесување одлуки и нивно моментално спроведување, неопходно е воспоставување на јасен систем на лидерство и почитување на насоките. Преку овој принцип кај младите се гради неопходната безбедносна култура – разбирање дека во услови на непосредна опасност, консензуалното одлучување привремено отстапува пред итноста, дисциплината и стриктното следење на синџирот на команда со цел заштита на животот, здравјето и јавната безбедност.



Подеднакво важен е **принципот на недискриминација и инклузија,** кој гарантира дека сите млади, без разлика на род, етничка припадност, социјален статус, способност или друга основа, имаат еднаков пристап до услуги, информации и можности за учество. Овој принцип особено ја нагласува потребата од активно вклучување на младите со помалку можности и ранливи групи.



**Принципот на младинско учество** ја признава улогата на младите не само како корисници на услуги, туку и како активни чинители во кризни ситуации. Тоа подразбира нивно значајно и безбедно вклучување во процесите на одлучување, планирање и имплементација на активности, во согласност со нивната возраст, капацитети и контекст. Во сите активности и одлуки, најдобриот интерес на младите претставува примарно водечко начело.



Вклучувањето на младите во волонтерски активности во услови на кризи се заснова на **принципите на доброволност и пропорционалност,** при што волонтерскиот ангажман треба да биде усогласен со возраста, капацитетите, нивото на обука и проценетите ризици. Воедно, потребно е да се обезбеди правична компензација на директните трошоци поврзани со волонтерскиот ангажман, како што се транспорт, храна, комуникација или заштитна опрема, без тоа да претставува замена за платен работен ангажман.



Протоколот воедно се темели на **принципот на комплементарност на улогите,** согласно кој младинските центри и организациите кои работат со млади не претставуваат замена за институционалните служби и не се очекува да поседуваат специјализирана експертиза за сите аспекти на кризното управување. Сите активности кои бараат професионална, безбедносна, здравствена, психолошка или социјална интервенција се реализираат во координација со надлежните институции и стручни служби, согласно нивните законски надлежности.

Конечно, **принципот на координација меѓу чинители** ја нагласува потребата од интегриран пристап кој ги поврзува младинските организации, институциите, локалната самоуправа и другите релевантни актери. Ефективното управување со кризи бара јасна поделба на улоги, комуникациски канали и заедничко делување, со цел избегнување на дуплирање и неусогласеност на интервенциите.



# Типологија на кризни ситуации

Во рамките на овој протокол, кризата не се разбира фаталистички како изолирана „виша сила“ или природна неминовност, туку како ***општествено посредуван исход.*** Согласно моделот PAR (Pressure and Release), кризата која значително влијае врз младите и заедницата настанува во пресекот меѓу конкретната опасност (природна или технолошка) и претходно акумулираната општествена и институционална ранливост.

> Во согласност со националната законска рамка и современата безбедносна доктрина, „кризната состојба“ претставува оперативен управувачки систем кој оперира строго под уставниот праг на вонредна и/или кризна состојба. Тоа е состојба предизвикана од ризици и опасности која бара централизирано управување и брза мобилизација на ресурси. Во акутните фази на нејзиното надминување, консензуалната координација отстапува пред потребата од јасна оперативна команда и субординација, со цел заштита на животот, здравјето и јавната безбедност.

Во контекст на младинската работа, овој протокол опфаќа различни видови инциденти и катастрофи карактеристични за домашниот контекст на ранливост. Тоа вклучува: екстремни огнени стихии, шумски и урбани пожари, флеш-поплави, инфраструктурни оштетувања, здравствени и социјални кризи, како и состојби на т.н. поликриза (домино-ефекти од истовремено преклопување на повеќе закани). Сите овие ситуации бараат од младинскиот сектор да не биде само пасивен набљудувач, туку да гради активна отпорност преку навремено учење и прилагодување.





# и нивоа на интервенција

За потребите на оперативна примена и избегнување на институционален хаос, интервенциите се класифицираат според однапред дефинирани прагови на ескалација:

**Ниво 1 (Локален инцидент)**
Обемот на кризата се задржува во рамките на една општина, каде примарниот одговор е на локалната самоуправа и локалните младински организации, како прв праг на отпорност на заедницата.

**Ниво 2 (Регионална закана)**
Ризикот се прелева и бара вклучување на поширoки регионални ресурси, при што автоматски се алармираат повисоките командни инстанци.

**Ниво 3 (Национална криза)**
**С**итуација во која се надминуваат локалните капацитети, што наметнува автоматско активирање на засилен команден режим, назначување на единствен инцидентен командант и воспоставување на еден јавен комуникациски канал (еден извор на вистината).

Ваквата ескалациска поделба овозможува јасна RACI логика на одлучување кај сите чинители (кој е одговорен, кој извршува, кој е консултиран), осигурувајќи дека во моментот на криза нема административно двоумење, туку брза конверзија на информацијата во дејствување.

# Институционална и локална координациска рамка

**Ефективното работење** со млади во услови на кризи бара воспоставување на јасен, координиран и повеќеслоен систем на соработка помеѓу младинските центри, локалната самоуправа, регионалните структури за управување со кризи, јавните институции и граѓанските организации. Во овој систем, младинските центри и организациите кои работат со млади претставуваат локални точки за поддршка, информирање, мобилизација и психосоцијална стабилизација и поддршка на младите, но нивното делување секогаш се реализира во координација со надлежните институции и служби.

**На локално ниво,** општините имаат примарна улога во координацијата на ресурсите и локалните механизми за заштита и поддршка. Преку локалните кризни штабови, службите за заштита и спасување, одделенијата за образование, социјална заштита и локален економски развој, општините обезбедуваат институционална рамка за координација на сите чинители кои работат со населението, вклучително и со младите. Во тој контекст, младинските центри треба да воспостават редовна комуникација и контакт точки со општинската администрација (особено службениците за млади), локалните координатори за кризни состојби и релевантните јавни служби.

**Особено значајна** е координацијата со регионалните и локалните структури на Центар за управување со кризи, кои имаат улога во следење на ризици, координација на институциите, издавање препораки и активирање на системите за управување со кризи. Младинските центри и организациите треба навремено да ги следат официјалните информации и насоки, а нивните активности да ги усогласуваат со локалните и националните оперативни процедури.



**Во ситуации** кои бараат интервенции за заштита и безбедност, се воспоставува координација со локалните организациски единици на Министерство за внатрешни работи, особено со полициските станици, одделенијата за превенција и единиците задолжени за јавен ред и безбедност. Овие структури имаат важна улога при евакуација, управување со движење, безбедност на јавни простори, заштита на ранливи категории и превенција од насилство и злоупотреба во кризни услови.

**Во делот на** итна медицинска и здравствена поддршка, младинските центри и организациите воспоставуваат соработка со локалните здравствени домови, службите за Итна медицинска помош, центрите за јавно здравје, болниците и службите за ментално здравје, под координација на Министерство за здравство. Овие институции имаат клучна улога во обезбедување здравствени информации, превентивни мерки, психолошка поддршка и упатување на млади кон соодветни сервиси.

**Во услови** кога кризата влијае врз социјалната состојба и благосостојбата на младите, значајна е соработката со центрите за социјална работа, мобилните тимови и локалните служби за социјална заштита, во координација со Министерство за социјална политика, демографија и млади. Овие институции се особено важни за идентификација и поддршка на млади во ризик, млади без соодветна семејна грижа, жртви на насилство, млади со попреченост и други ранливи категории.



**Дополнително,** во зависност од видот на кризата, потребно е воспоставување координација и со:

- месни и урбани заедници
- територијални противпожарни единици
- образовни институции и училишни стручни служби
- локални и регионални граѓански организации кои обезбедуваат хуманитарна, психосоцијална или теренска поддршка
- јавни комунални претпријатија и инфраструктурни служби
- Црвен крст на Република Северна Македонија и неговите општински организации
- регионални единици на Дирекција за заштита и спасување

**Во рамки** на регионалните интервенции и ситуации на поширока криза, потребно е воспоставување јасна вертикална координација помеѓу локалните чинители и регионалните/националните институции, со однапред дефинирани канали за комуникација, контакт лица и процедури за известување. Младинските центри и организациите не преземаат активности кои спаѓаат во доменот на професионалните служби за заштита и спасување, туку дејствуваат како механизми за поддршка, информирање, мобилизација на заедницата и организирање безбедни простори за младите.

**Со цел** обезбедување навремена реакција и функционална координација, се препорачува на локално ниво да се воспостават:

- локални планови за работа со млади во услови на криза
- механизми за споделување информации и процена на ризици
- локални контакт листи и протоколи за комуникација; и инфраструктурни служби
- јавни заеднички симулациски и теренски вежби
- јавни редовни координациски состаноци помеѓу младинските центри и институциите

**На овој начин** се обезбедува интегриран пристап кој овозможува младите да бидат навремено информирани, заштитени и вклучени, а младинските центри и организациите што работат со млади да функционираат како доверливи и координирани локални ресурси во системот за управување со кризи.

**Активирањето** на протоколот може да се реализира на локално, регионално или национално ниво, во зависност од обемот и влијанието на кризата. Протоколот може да биде активиран по официјална одлука или насока од надлежни институции, но и врз основа на проценка на младински центар или организација која работи со млади, доколку се утврди дека постои потреба од организирана поддршка, заштита или вклучување на младите.

**Координацијата** на активностите се спроведува во соработка помеѓу младинските центри, младинските организации, локалната самоуправа, образовните институции, центрите за социјална работа, здравствените институции, организациите на граѓанското општество и другите релевантни чинители. Во зависност од капацитетите и контекстот, се препорачува назначување на одговорно лице или координативен тим кој ќе ја следи имплементацијата на протоколот, ќе обезбедува навремена комуникација и ќе ја координира соработката помеѓу засегнатите страни.

**Во процесот** на координација особено е важно да се обезбеди јасна распределба на улоги и одговорности, безбедна и навремена размена на информации, како и редовна комуникација со младите, нивните семејства и заедницата. Притоа, сите активности треба да се спроведуваат во согласност со принципите на безбедност, недискриминација, учество на младите, доверливост и „не прави штета" пристапот.

> **Протоколот треба да биде флексибилен и прилагодлив на различни типови и интензитети на кризни ситуации, при што организациите и младинските центри се охрабруваат редовно да ги ажурираат своите процедури, контакти, механизми за координација и проценки на ризик, со цел обезбедување навремен и ефикасен одговор.**

# 5. ФАЗА I

## Подготвеност (пред криза) за работа со млади во кризи

## ФАЗА I - Подготвеност (пред криза) за работа со млади во кризи

# Пристап:

# Млади како корисници на поддршка и услуги

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| **Информирање и комуникација** | • Развој на комуникациски канали, база на податоци на млади и други чинители, информативни материјали.<br>• Назначување и обука на лице/а одговорни за комуникација со млади и јавност<br> | • Брзо споделување точни и проверени информации<br>• Пренесување само на официјално потврдени информации од еден извор. Спречување на дезинформации и паника меѓу младите. | • Континуирана комуникација и адаптирани информативни содржини<br>• Изработка на комуникациски СОП базиран на IDEA [1]моделот<br>• Континуирана IDEA комуникација; транспарентно известување за плановите за закрепнување и пренасочување кон редовни сервиси. |
| **Психосоцијална поддршка** | • Обука на младински работници за психосоцијална поддршка и пристапи во работење<br>• Обука за градење на отпорност/резилиетност на младите за психосоцијалните ефекти на кризите<br>• Работилници за јакнење на капацитети на родители/ старатели за поддршка на млади во услови на кризи | • Основна психолошка прва помош и врсничка поддршка<br>• Дисеминирање на основни знаења и техники<br> | • Упатување и долгорочна психосоцијална поддршка<br>• Развој на долгорочни и одржливи програми за емоционална интелигеција кај млади |
| **Безбедни простори** | • Мапирање и подготовка на простори | • Активирање безбедни простори за млади | • Развој на програми за закрепнување и отпорност |
| **Едукација, подготвеност и отпорност** | • Обука за ризици, заштита и спасување | • Кратки информативни сесии и насоки | • Долгорочни едукативни програми и симулации |
| **Субординација, команда, координација и упатување**<br> | • Воспоставување контакти и протоколи<br>• Назначување и обука на лице одговорно за координација во услови на криза<br>• Позиционирање на младинските организации во локалната RACI [2] матрица.<br>• Мапирање на локални ресурси и сервиси | • Брза координација со институции и сервиси<br>• Брза координација со институции и сервиси<br>• Стриктна субординација на терен: младинските работници ги следат насоките на официјалниот инцидентен командант за да не пречат на спасувачките служби.<br>• Основна мапа на достапни институции, сервиси и ресурси релевантни за млади во кризи | • Формализирани механизми за координација<br>• Формализирани механизми за координација<br>• Формализирани механизми за координација и вклучување во локалните совети за превенција; партиципација во креирање нови локални политики.<br>• Редовно ажурирана локална база со јасни механизми за соработка и упатување |
| **Заштита, безбедност и етика** | • Развој на политики за заштита (safeguarding), процедури за согласност и детекција на ризици | • Примена на принципот „не прави штета" (do no harm), доверливост и примена на механизми за заштита | • Следење,системи за реферирање и континуирано унапредување на практиките за заштита |

[1] Интернализација, Дистрибуција, Објаснување, Акција
[2]Кој е одговорен, кој одлучува, кој се консултира.

## ФАЗА I - Подготвеност (пред криза) за работа со млади во кризи

# Пристап:

# Млади како волонтери и активни учесници

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| Регрутација и селекција | • Креирање база на волонтери<br>• Информирана согласност на родители/старатели за вклучување на млади (малолетни лица)<br>• Развој на пристап за мотивација на млади за проактивност | • Ажурирање на базата на податоци<br>• Одржување на информативни сесии<br>• Организирање информативни и мотивациски активности, врснички иницијативи и промоција на позитивни примери на младинско учество и волонтирање | • Развој на долгорочни волонтерски структури<br>• Развој на организиран систем на поддршка и комуникација<br>• Развој на континуирани програми за младинско учество и лидерство, вклучително и системи за препознавање на ангажманот и механизми за долгорочна мотивација и задржување на млади |
| Обука и подготовка | • Обуки за безбедност [1] (заштита, спасување и користење на опрема), етика, прва психолошка помош и психосоцијална поддршка [1]во прирачник да се прецизира | • Кратки и редовни брифинзи и инструкции | • Напредни обуки и сертификација  |
| Безбедност и заштита  | • Систематизиран начин на определување на волонтерски задачи<br>• Обезбедување на стандардизирана лична заштитна опрема | • Обезбедување опрема и менторство<br>• Обезбедување основна лична заштитна опрема согласно типот на активноста, како и основни насоки за правилна употреба | • Развој и редовно ажурирање на стандарди, процедури и резерви за лична заштитна опрема, вклучително системи за набавка, дистрибуција, обука и контрола на безбедноста |
| Координација на волонтери | • Дефинирање улоги и линии на лидерство и одговорност | • Дневна координација и супервизија | • Интеграција во локални механизми |
| Признавање и евалуација | • Развој на систем за следење | • Документирање активности | • Сертификати, препораки и евалуација |
| Заштита, безбедност и етика | • Креирање на кодекс на однесување, политики за заштита и процедури за согласност | • Механизми за заштита, пријавување ризици и доверливост | • Интегрирани системи за заштита, следење и механизми за отчетност |



# 6. ФАЗА II

## Работа со млади во услови на криза

# Пристап:

# Млади како корисници на поддршка и услуги

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| **Координација и управување** | • Активирање и прилагодување на механизми за координација со институции, организации и локална самоуправа<br>• Активирање на процедури за кризно делување | • Назначување контакт лица, редовна комуникација и споделување информации<br>• Основни интерни насоки за постапување | • Формализирани локални координациски механизми и заеднички планови за делување<br>• Развиени и редовно ажурирани стандардните оперативни процедури |
| **Информирање и комуникација** | • Споделување точни, навремени и информации прилагодени на млади<br>• Комуникација со родители и заедница | • Информирање преку социјални медиуми, телефонски и онлајн канали<br>• Основни насоки и информации за достапна поддршка | • Развој на системи за кризна комуникација и справување со дезинформации<br>• Редовни активности за информирање и подигање на свеста во заедницата |
| **Психосоцијална поддршка и благосостојба**  | • Обезбедување психолошка прва помош и емоционална поддршка<br>• Организирање активности за намалување на стрес и изолација<br>• Индивидуален пристап  за ранливи млади во соодветни услови | • Врсничка поддршка, базична ППП и упатување до стручни лица<br>• Групни активности, неформални средби и рекреативни активности<br>• Идентификација и упатување на ризични случаи | • Долгорочни програми за ментално здравје и психосоцијално закрепнување<br>• Континуирани програми за благосостојба и резилиентност<br>• Развој на механизми/процедури за меѓусекторско упатување и повратни информации |
| **Безбедни простори и инклузија** | • Обезбедување физички безбедни простори<br>• Обезбедување онлајн безбедни простори<br>• Вклучување на ранливи и маргинализирани групи | • Активирање на младински безбедни простори согласно минимум стандардите поставени во овој протокол<br>• Модерирани онлајн групи за врсничка комуникација<br>• Насочено информирање и вклучување | • Развој на долгорочни безбедни и инклузивни младински простори<br>• Развој на дигитални платформи за врсничка поддршка<br>• Инклузивни програми и механизми за еднаков пристап |



# Пристап:

# Млади како корисници на поддршка и услуги

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| Директна поддршка и сервиси | • Обезбедување основна материјална поддршка<br>• Поддршка за пристап до образование и информации<br>• Поддршка за пристап до здравствени и социјални услуги | • Упатување до институции/ организации за обезбедување на храна, хигиенски пакети и основни материјали<br>• Помош за онлајн настава и пристап до ресурси<br>• Упатување и посредување со институции | • Координирани механизми за поддршка на заедницата<br>• Развој на програми за образовно закрепнување<br>• Интегрирани системи на упатување и поддршка |
| Едукација  | • Едукација за самозаштита и безбедност<br>• Развој на животни вештини за справување со кризи | • Кратки информативни работилници и насоки<br>• Основни сесии за механизми за справување и емоционална регулација | • Континуирани програми за подготвеност и отпорност<br>• Долгорочни курикулуми за отпорност (резилиентност) кај млади |
| Заштита, безбедност и етика | • Примена на стандарди за заштита<br>• Проценка и управување со ризици при организирање на активности | • Почитување на доверливост, согласност и "не прави штета" принципот<br>• Основна проценка на ризици пред активности | • Развој и унапредување на системот за заштита<br>• Интегрирани заштитни механизми за младите |
| Следење и проценка на потреби | • Проценка на потребите на младите<br>• Следење на ефектите од поддршката | • Воспоставени механизми за брзи проценки и собирање повратни информации<br>• Основно мониторирање на активности | • Редовни анализи и адаптација на услугите согласно емпириски податоци<br>• Развој на системи за мониторинг и следење |



# Пристап:

# Млади како волонтери и активни учесници

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| **Координација и управување со волонтери** | • Активирање и прилагодување на механизми за координација волонтери<br>• Регистрација и евиденција на волонтери<br>• Дефинирање улоги и задачи | • Назначување координатор за волонтери и основна комуникација со институции и организации<br>• Основна база на податоци за волонтери и контакти<br>• Јасни описни задачи и граници на одговорност | • Формализирани локални механизми и партнерства за менаџмент со волонтери<br>• Развој на системи за следење на волонтери, достапност и распределба<br>• Развиени СОП и рамка на улоги за волонтери |
| **Обука и подготовка** | • Обезбедување основна обука за волонтери<br>• Едукација за заштита, политиките за заштита и прицнипот "не прави штета"<br>• Подготовка за психолошки предизвици и стрес | • Воведна обука за безбедност, етика и улоги за конкретна криза<br>• Основни насоки за безбедно и етичко постапување<br>• Основни насоки за грижа за себе и менаџирање на стрес | • Континуирани обуки и вежби за симулација за градење на капацитетите<br>• Интегрирани системи за заштита<br>• Долгорочни програми за благосостојба |
| **Безбедност и заштита**  | • Детекција на ризици пред ангажман<br>• Обезбедување заштитна опрема и безбедносни услови<br>• Ограничување на ризични задачи<br>• Обезбедување осигурување од повреди за младите волонтери | • Базична детекција на ризици за активности и терен<br>• Основна заштитна опрема и безбедносни инструкции<br>• Забрана за вклучување во високоризични активности без соодветна обука<br>• Волонтерите имаат пристап до основна осигурителна заштита при извршување на задачи поврзани со кризи. | • Развиени заштитни протоколи и протоколи за менаџмент со ризици<br>• Стандарди за безбедност при работа и заштита во итни случаи<br>• Развиени механизми за класификација на задачи и надзор<br>• Осигурителната заштита е интегрирана како задолжителен елемент на сите програми за младинско волонтирање во кризни ситуации. |
| **Психосоцијална поддршка и благосостојба** | • Обезбедување менторска и психосоцијална поддршка<br>• Следење на благосостојбата на волонтерите | • Врсничка поддршка и пристап до координатор/ментор<br>• Редовна евалуација, превенција од прегореност/исцрпеност и упатување по потреба | • Континуирани механизми за супервизија и психолошка поддршка<br>• Институционализирани програми за континурирана поддршка на благосостојбата |



# Пристап:

# Млади како волонтери и активни учесници

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| Волонтерски ангажман и учество | • Вклучување на млади во активности со низок и среден ризик<br>• Поттикнување ангажман за врсничка поддршка во заедницата<br>• Вклучување на млади во планирање и евалуација на активности | • Поддршка во информирање, логистика и поддршка на заедницата<br>• Вклучување во локални активности поддржани од младинскиот центар<br>• Консултации и повратни инфорамции од волонтери | • Развој на волонтерски иницијативи предводени од млади<br>• Развој на мрежи за резилиентност во заедницата<br>• Коменаџмент и механизми за учество на младите |
|  Етика, права и одговорности | • Информирање за правата и обврските на волонтерите<br>• Обезбедување еднаков и недискриминаторски пристап<br>• Компензација на директни трошоци | • Основен кодекс на однесување и процедури за согласност<br>• Отворен и инклузивен повик за волонтирање<br>• Покривање транспорт, храна и оперативни трошоци | • Развиени политики за заштита на волонтери<br>• Политика за инклузивно ангажирање на волонтери<br>• Развиени механизми за одржлива волонтерска поддршка |
| Признавање и развој | • Признавање на волонтерскиот придонес | • Сертификати, препораки и јавна благодарност | • Развиени волонтерски системи за мониторинг и евалуација |
| Следење, мониторинг и евалуација | • Евалуација на безбедноста и ефектите од ангажманот и младинското учество | • Собирање повратни информации и формално известување за настани инциденти | • Редовни евалуации и адаптација на протоколите |



# 7. ФАЗА III

## Работа со млади по завршување на криза

# Пристап:

# Млади како корисници на поддршка и услуги

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| **Психосоцијално закрепнување и благосостојба**  | • Обезбедување психосоцијална поддршка за млади по криза<br>• Организирање активности за повторна социјализација<br>• Поддршка за млади во ризик | • Врсничка поддршка, психолошка прва помош и упатување до стручни служби<br>• Неформални средби, рекративни и групни активности<br>• Идентификација и упатување на ранливи случаи | • Долгорочни програми за ментално здравје, справување со траума и градење на отпорност<br>• Континуирани програми за благосостојба<br>• Развиен начин на основно водење на случај и механизми за реферирање |
| **Повторно вклучување и стабилизација** | • Поддршка за враќање во образование и секојдневни активности<br>• Поддршка за враќање на младите во заедницата<br>• Поддршка за економска и социјална стабилност | • Информации и посредување со училишта и институции<br>• Активности во заедницата и настани за вклучување на млади<br>• Упатување кон достапни сервиси и програми | • Програми за образовно закрепнување и реинтеграција<br>• Долгорочни програми за обнова на заедницата и социјална кохезија<br>• Развој на младинско зајакнување и програми за вработување |
| **Информирање и комуникација** | • Споделување информации за достапна поддршка и услуги<br>• Комуникација со родители и заедница | • Информации преку онлајн и локални канали кои се прилагодени на младите<br>• Основни информации за закрепнување и достапни сервиси | • Развиени системи за долгорочна комуникација за закрепнување по кризата<br>• Воспоставени се одржливи канали за соработка, консултација и заедничко делување со родители и заедницата. |
| **Безбедни простори и инклузија** | • Обезбедување безбедни простори за закрепнување и поддршка<br>• Поддршка на ранливи и маргинализирани млади | • Континуирана работа на младинските безбедни простори<br>• Таргетиран пристап и адаптирани активности | • Развој на долгорочни инклузивни младински простори<br>• Инклузивни програми и механизми за еднаков пристап |



# Пристап:

# Млади како корисници на поддршка и услуги

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| **Младинско учество и ангажман** | • Вклучување на младите во процесите на закрепнување<br>• Поттикнување на врсничка поддршка и поддршка на заедницата | • Консултации и младински повратни информации и нивно вклучување во истражувања, анализи и процеси на носење одлуки<br>• Активности водени од млади и меѓусебна поддршка | • Учество на младите во планирањето за закрепнување на заедницата<br>• Развој на мрежи за отпорност на младите<br> |
| **Заштита, безбедност и етика** | • Следење на ризици по криза<br>• Поддршка за доверливост и безбедност на младите | • Основно детектирање на ризици и мерки за заштита<br>• Почитување на приватност и "не прави штета" принципот | • Интегрирани системи за заштита<br>• Развој на заштитни политики и механизми за поплаки |
| **Едукација и стабилизација** | • Едукација за справување со последици од кризи<br>• Развој на животни и социјални вештини | • Кратки едукативни активности и информативни сесии<br>• Основни активности за вештини за справување и комуникација | • Континуирани програми за подготвеност и отпорност<br>• Долгорочни програми за развој на младите |
| **Следење, мониторинг и евалуација** | • Проценка на потребите по криза<br>• Евалуација на ефектите од поддршката | • Брзи проценки и собирање повратни информации<br>• Основно следење и документација<br> | • Редовни анализи и адаптација на услугите согласно емпириски податоци<br>• Развиени системи за следење, учење и евалуација |



# Пристап: Млади како волонтери и активни учесници

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| **Психосоцијално закрепнување и благосостојба** | • Обезбедување психосоцијална поддршка за младите волонтери<br>• Следење на ефектите од изложеност на стрес и траума | • Сесии за споделување, врсничка поддршка и пристап до стручна поддршка<br>• Базични проверки и идентификација на знаци на нарушено здравје | • Континуирани програми за волонтерска грижа<br>• Развиени механизми за психолошко следење  |
| **Признавање и валидација**  | • Признавање на придонесот на младите волонтери<br>• Документирање на стекнатите вештини и искуства | • Доделување на сертификати, благодарници и јавна промоција<br>• Основна евиденција на ангажман и улоги | • Системи за формално признавање и валидација на надлежностите<br>• Развој на младинско портфолио и механизми за препознавање на компетенции |
| **Повторно вклучување и развој** | • Поддршка за враќање во образование, работа и секојдневие<br>• Поттикнување континуиран младински ангажман | • Флексибилност и насоки за реинтеграција<br>• Вклучување во активности на заедницата и иницијативи | • Долгорочни програми за младинско зајакнување и програми за вработување<br>• Развој на младинско лидерство и програми за граѓанско учество |
| **Евалуација и учење** | • Вклучување на младите во евалуација на одговорот на кризата<br>• Документирање научени лекции и добри практики | • Спроведување на сесии на повратни информации и консултации со млади<br>• Основна документација и внатрешна евалуација | • Учество на младите во проценка на политиките и планирање на подготвеност<br>• Развој на управување со знаење и системи за учење |



# Пристап:

# Млади како волонтери и активни учесници

| Функција | Активност | Минимален стандард | Развоен стандард |
|---|---|---|---|
| Координација и одржливост | • Одржување контакт со младите волонтери<br>• Развој на механизми за идни ангажмани | • Волонтерско следење и активности за вмрежување<br>• Основна база на податоци за волонтери и канали за комуникација | • Развој на локални младински волонтерски мрежи<br>• Одржлив систем за управување со волонтери и структури за подготвеност |
| Безбедност, етика и заштита | • Евалуација на безбедносните аспекти на ангажманот<br>• Следење на почитување на етичките принципи | • Преглед на инциденти и основна проценка на ефективната заштита<br>• Основна проценка на кодекс на однесување и процедури | • Редовно унапредување на механизамите за заштита<br>• Институционализирани етички стандарди и механизми за отченост |
| Младинско учество и закрепнување на заедницата  | • Вклучување на младите во процесите на закрепнување на заедницата<br>• Поттикнување солидарност и активна граѓанска вклученост<br>• Поддршка и координација на ангажман на странски волонтери по криза | • Активности во заедницата предводени од млади и иницијативи на врсници<br>• Волонтерство во заедницата и локални иницијативи<br>• Обезбедување основна координација, информации за безбедност, локален контекст и јасни правила за ангажман | • Долгорочна младинска отпорност и програми за социјална кохезија<br>• Развој на активни младински мрежи<br>• Развој на механизми за меѓународна волонтерска соработка, интеркултурна подготовка и долгорочни партнерства за младинска размена и програми за опоравување од кризи |
| Едукација и подготвеност за идни кризи | • Надградба на знаењата и вештините на младите<br>• Вклучување на искусни млади во врсничка едукација | • Сесии за рефлексија и дополнителни обуки<br>• Врснички активности и споделување искуства | • Континуирана програма за подготвеност, лидерство и искуствено учење<br>• Развој на младински тренери и менторска мрежа |



ПОВРЗАНИ ВО КРИЗА

Youth can

SUPPORT KOCANI

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружение на граѓани Младите можат и Супорт Кочани и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.